**Известување за концентрација со која СМА ХОЛДИНГ Ш.П.К. Албанија ќе стекне директна контрола над Друштво за маркетинг и услуги СТУДИО МОДЕРНА ДООЕЛ Скопје**

**(предмет бр. 08-183/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 28.12.2023 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која СМА ХОЛДИНГ Ш.П.К. Албанија со седиште на ул. Сами Фрашери, Кула Метропол, К2, 1001 Тирана, Република Албанија ќе стекне директна контрола над Друштво за маркетинг и услуги СТУДИО МОДЕРНА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Костурски херои бр. 38 Кат К1/ЛОК 1 Скопје. СМА ХОЛДИНГ Ш.П.К. Албанија има намера да стекне 100% удел во Друштвото за маркетинг и услуги СТУДИО МОДЕРНА ДООЕЛ Скопје, а која е во сопственост на Студио Модерна Холдингс Инвестментс Б.В.

СМА ХОЛДИНГ Ш.П.К. Албанија се занимава со управување и контрола со трговски друштва, обезбедување на помош на трговски друштва во целосна или делумна сопственост на друштвото, продажба на големо и мало на стока и опрема.

СМА ХОЛДИНГ Ш.П.К. Албанија е ново основано друштво и нема директно поврзани друштва во Република Северна Македонија.

СМА ХОЛДИНГ Ш.П.К. Албанија е дел од групацијата во која, преку друштво основано од страна на нејзиниот основач во Република Косово, е присутна во Република Северна Македонија преку друштвата:

- ВИВА ФРЕШ СТОРЕ ДООЕЛ Скопје со седиште на Ул. Македонско – Косовска Бригада 11 бр. 1/1 Скопје и дејност трговија на мало во неспецијализирани продавници претежно со храна, пијалоци и тутун
- Друштво за трговија Кит ГО ДООЕЛ Штип со седиште на ул. Гоце Делчев бр. 52, Штип и дејност трговија на мало во неспецијализирани продавници претежно со храна, пијалоци и тутун.

Друштво за маркетинг и услуги СТУДИО МОДЕРНА ДООЕЛ Скопје е друштво кое се занимава со трговија на мало преку пошта и интернет која вклучува трговија на мало на производи за домаќинство (мебел, душеци, перници, постелнини, под-душеци, над-душеци), опрема за осветлување и други предмети за домаќинства, производи за подготовка на храна и други производи за унапредување на живеењето и опрема за чистење во домот. Трговијата ја сочинуваат продажба на брендирани производи како што се Топ Шоп, Дормео, Делимано, Волкмакс и Велнео, преку разчлични канали за продажба: телевизија, интернет, продажба на мало преку продавници, телемаркетинг.

За целите на ова Известување, релевантниот пазар на производи може да биде дефиниран како пазар на трговија на производи за спиење, душеци и производи за домаќинство за готвење и чистење а географскиот пазар би бил пазарот во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на*

*заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

04.01.2024 година
Скопје